


Во март пролета е на прагот .Времето е потопло и постабилно а леската и дренот   се првите растенија кои обилно цутат нудејки големи  количини полен.Пчелината заедница веќе поодамна е во активна фаза трошејки се повеќе мед и полен кој веќе го има во природата.

28/03/2009 времето сеуште не е стабилизирано а нокните температури се движат и до -7 $^{0}$Ц. Дневните едвај достигнуваа 15 $^{0}$Ц.Леска заврши со цутењето а пчелите не ја ни посетија.Дренот е во период на цутење меѓутоа ладниот ветер поради топењето на снегот не им дозволува поактивно да собираат полен.Залихите на мед се на минимум или воопшто ги нема а шекерно медните погачи не се соодветна замена за природниот мед и полен.Единствено останува доколку имаме залиха на мед во рамки да им ги додадеме на заедниците кои немаат мед или да земаме мед од заедниците кои имаат нешто повоќе од потребните залихи. Во акција за спас на гладните .


01/03/2010 Првиот внес на полен од брест и дрен забележан во пчеларникот на локацијата ,,Габреш ,,- Кратово

Март е фториот месец од периодот на развој на пчелината заедница и во него пчеларот треба да изврши низа значајни интервенции и активности на пчеларникот.За овој месец важи констатацијата дека пропуштеното неможе да се  надокнади.Дотолку повеќе што е познат фактот дека полна кошница со легло во фторaта половина на март дава  полни медишта  во екот на главната паша.Тоа е затоа што оптимален рок на создавање пчели излетнички е шест недели (21 ден додека се изведе пчелта и 18 дена како куќна пчела.)

Тоа значи дека во март треба интензивно да се стимулира зголемувањето на леглото и развојот на пчелината заедница:
Но најпрвин треба да го направиме:
првиот пролетен преглед на пчелините заедници
Првиот пролетен преглед на пчелината заедница најчесто подразбира летимичен брз преглед со кој треба да се утврди:
-дали пчелината заедница има матица
-дали има храна (мед и полен)
-каква е  состојба во заедницата.
Овој краток првичен преглед по потреба може да се направи и во фторaта половина на февруари но сепак не се препорачува отворање на сандукот на температури пониски од 18 C º.
 Прибележувањето на податоците од летимичниот преглед ќе ни послужат при спроведувањето на Деталниот преглед на пчелините заедница.
Деталниот преглед  има за задача да ги докомплетира податоците утврдени со летимичниот преглед и тоа:
-Да ја утврди состојбата на матицата и леглото.Како се движи и дали брзо и силно или полека и изнемоштено,дали залежува концентрични кругови и интензивно или пак леглото е шарено и распрскано.
-Каква е состојбата на резервната храна дали медот е квалитетен не кристализиран и ли скиснат,колку килограми мед има во кошницата,колку има полен и каков е квалитетот ,дали е мувлосан или не,дали храната е достапна на пчелите и тн.
-Јачината на пчелината заедница ,бројот на запоседнати улици (рамови)
-Вредноста на саќето какво е саќето (правилност на градба,кое саќе да се замени и колку сатни основи ќе треба да се додадат во кошницата.
-Здравствената состојба на пчелите и леглото ,болести на пчелите ,ноземоза вароза ; болести на леглото куга кречно легло  итн.

Чистење на пдниците 15/03/2009 с.Филиповци



Податоците од овој детален преглед се драгоцени за понатамошното делување на пчеларот .

Најпрвин се расчистуваат кошниците во кои пчелините заедници се угинатаи.Се утврдува причината поради која пчелината заедница не презимила ,Доколку се најдени празни рамки во кои пчелите се угината во празните келии а мед вопшто нема тогаш е јасно дека пчелината заедница е угината поради немање храна.

Но доколку на  рамките  има  измет од пчелите, а мед во кошницата има тогаш заедницата угинала од ноземоза пчелите треба да се спалат а кошниците дезинфецират со лет лапа или оцетна киселина(ексенција).




Подница полна со издробено саќе ,

издробениукажува дека во кошницат влегувал глушец

Причина може да бидат и други болести како што е кугата кречното легли и др. Палењето на заразниот материјал дезинфекцијата на сандуците, рамките претопување на саќето сето тоа треба да биде под контрола.

Потоа се преѓа на заедниците кои немаат матица кон кои се спојуваат нуклеусите кои ги чуваат матиците.Тоа се прави со спојување на мрежа .

Над заедницата која нема матица се става мрежа а над неа нуклеусот со младата матица.После 24 часа се отстранува мрежата и никлеусот се спојува.

По два три дена се спојуват и рамките сведувајќи ја заедницата на едно тело.

Постапката е иста и кај заедниците кои имаат лоши матици.

Заедниците пак кои немаат доволно храна треба да бидат помогнати со рамки квалитетен мед од резервата или интензивно да се прихранат.

Мнбогу практичари не препорачуваат погачи со големо присуство на беланчевини и други додатоци.



[illegible]



09.03.2010 Локалија Царина - Кратово температуре се движеа од -8 до +5, многу неповолно за пчелините заедници кои отпочнале со легло

[illegible]



21/03/2009 вистинско изненедување на денот напролетта